ГРАД СКОПЈЕ

**Предлагач:** Градоначалник на Град Скопје

**Изготвувач:** Сектор за сообраќај

**Претставник:** Секретар на Град Скопје

**Повереник:** Претставник од Сектор за сообраќај

**П Р Е Д Л О Г – О Д Л У К А**
за давање согласност за склучување на договор за имплементација на проектот
„Воведување на брз автобуски превоз во Град Скопје“

Скопје, мај 2025 година

**ПРЕДЛОГ**

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24 ) Советот на Град Скопје на ____ седница одржана на __.__.2025 година, донесе

# О Д Л У К А

за давање согласност за склучување на договор за имплементација на проектот „Воведување на брз автобуски превоз во Град Скопје“

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на договор за имплементација на проектот „Воведување на брз автобуски превоз во Град Скопје", помеѓу Град Скопје, Министерство за финансии и Министерство за транспорт.

**Член 2**

Се овластува Градоначалникот на Град Скопје да го потпише договорот од член 1 на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Град Скопје“.

Број 27-____________
__.__.2025 година
Скопје

СОВЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Трајко Славески

О б р а з л о ж е н и е

Правен основ за донесување на предложената одлука е член 36 од Законот за локалната самоуправа, каде е утврдена надлежноста на Советот на Град Скопје за донесување на одлуки.

Град Скопје како главен град во државата претставува политички, административен, економски, културен, образовен и истражувачки центар. Оттаму произлегува потреба за воспоставување урбан и соодветен концепт за организација на јавниот превоз на патници со надградување на сегашниот систем на јавен превоз. Подобрувањето на квалитетот на јавниот превоз не е само дел од транспортната политика, туку и важно прашање од општествен аспект. Анализите покажуваат дека значаен дел од населението не поседува автомобил или возачка дозвола, а алтернативните начини за транспорт не се економични за подолги релации (велосипед или авто-такси превоз). Брзиот автобуски превоз (Bus rapid transit) може да обезбеди подобри услуги за граѓаните, нудејќи високо ниво на удобност, пократко време на патување и сигурност. Со користењето на овој превоз, жителите ќе можат да стигнат до посакуваната дестинација (работно место, здравствени институции и сл.) навремено и удобно, при што ќе можат точно да го планираат своето време, а воедно и ќе се придонесе за намалување на загадувањето на животната средина. Покрај тоа, воведувањето на овој превоз ќе го намали сообраќајниот метеж, ќе го зголеми капацитетот на јавните паркиралишта, како и овозможување преадаптација на просторот наменет за моторен сообраќај во простор за пешаци и велосипеди на територијата на Град Скопје.

Заради овие причини, Собранието на Република Северна Македонија донесе Закон за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската банка за обнова и развој по договор за заем за финансирање на проектот „Воведување на брз автобуски превоз во Град Скопје“ („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 77/21).

Согласно член 2 и член 5 од законот, на 21.04.2021 година склучени се Договор за заем помеѓу Република Северна Македонија преку Министерството за финасии и Европската банка за обнова и развој и Проектен договор помеѓу Република Северна Македонија и Град Скопје. Заемот согласно законот е обврска за отплата на Република Северна Македонија.

Согласно член 6 од законот, за регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Договорот за заем и Проектниот договор, Министерството за финансии, Министерството за транспорт и Градот Скопје потребно е да склучат Договор за имплементација.

Договорот кој произлегува како обврска од Законот, Договорот за заем и Проектниот договор, содржи одредби кои се однесуваат на имплемантацијата на проектот и истиот е усогласен со Министерството за финансии, Министерството за транспорт и одобрен во форма и содржина прифатлив за Европската банка за обнова и развој.

Со договорот за имплементација на проектот „Воведување на брз автобуски превоз во Град Скопје“, јасно се дефинираат меѓусебните права и обврски на субјектите за време на спроведувањето на проектот, а се со цел обезбедување на негова функционалност и одржливост. Времетраењето на договорот го опфаќа целиот период на имплементација на инвестицискиот проект вклучувајќи го периодот и на известување за дефектите. Град Скопје е краен корисник на проектот и согласно законот има обврска да го имплементира. Средствата од заемот во вкупен износ од 70 милиони евра обезбедени од Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) според условите утврдени во Договорот за заем ќе се пренесат на Град Скопје на основа на грант (неповратни средства) и ќе се користат исклучиво за финансирање на проектот.

Со договорот се уредува начинот на воспоставување на единицата за имплементација на проектот, распределбата на обврските помеѓу субјектите како и начинот за негово изменување и дополнување.

Врз основа на се наведено, се предлага Советот на Град Скопје да ја донесе предложената Одлука за давање согласност за склучување на договор за имплементација на проектот „Воведување на брз автобуски превоз во Град Скопје“.